Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на чл. 22 и 23 од Законот за работните односи („Сл.весник на РМ" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 134/16, 120/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.110/19, 267/20, 151/21 288/21 и 111/23) в.в. со чл.14, чл. 22 став 1 алинеја 2, став 3, став 8, став 13 и став 14 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и („Службен весник на РМ" бр.143/19 и 14/20), Правилникот за внатрешна организација на Судскиот совет на Република Македонија бр.01-1156/1 од 01.07.2016 година, Правилникот за систематизација на работните места во Судскиот совет на Република Македонија бр.01-1156/2 од 01.07.2016 година, бр.01-1592/1 од 24.11.2017 година, бр.01-451/2 од 13.03.2018 година, бр.01-451/5 од 31.10.2018 година, бр.01-1007/1 од 15.06.2021 година, бр.01-763/1 од 26.04.2022 година, бр.01-763/4 од 13.10.2022 година, бр.01-2465/1 од 12.12.2023 година, бр.01-1499/1 од 06.08.2024 година и известувањето од Министерството за финансии бр.19-587/1 од 16.01.2025 година, Судскиот совет на Република Северна Македонија објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1/2025
## за вработување на 3 (тројца) извршители на определено работно време, поради привремено зголемен обем на работа, до 31.03.2025 година на тековна фискална година (2025)

1. Судскиот совет на Република Северна Македонија објавува оглас за вработување на 3 (тројца) извршители на определено време:

**1.Државен советник за односи со јавност** во Стручната служба на Судскиот совет на Република Северна Македонија - 1 извршител

**Општи услови**

-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

Ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Правни науки или Политички науки, најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку 10 години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,

Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцelариско работење, положен испит за административно управување.
**Распоред на работно време**
Работни часови во неделата: 40,
Работно време: од понеделник до петок од 07,30 до 15,30 часот
Паричен износ на основна нето плата: 48.323,00 денари.

**2.Самостоен референт за прашања од службенички однос и информативен систем за човечки ресурси**, во Одделение за управување со човечки ресурси, во Стручната служба на Судскиот совет на Република Северна Македонија- 1 извршител

**Општи услови**
-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**
Ниво на квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование – право, гимназија или економија и најмалку три години работно искуство во струката.
Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) и активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Распоред на работно време**
Работни часови во неделата: 40,
Работно време: од понеделник до петок од 07,30 до 15,30 часот
Паричен износ на основна нето плата: 25.831,00 денари.

**3.Хигиеничар** во Стручната служба на Судскиот совет на Република Северна Македонија- 1 извршител
Работно место: Ниво III, А03 - Хигиеничар
**Општи услови**
-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.
**Посебни услови:**
Ниво на образование-основно образование
Работно искуство:
- без работно искуство
**Распоред на работно време**
Работни часови во неделата: 40,

Работно време: од понеделник до петок 07,30 до 15,30 часот;
Паричен износ на основна нето плата: 24.894,00 денари.

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на Судскиот совет на Република Северна Македонија.
Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање.
Кандидатите заедно со Пријавата треба да ги достават доказите за исполнување на условите, во оригинал или копија заверена кај нотар и тоа:

Кандидатите за трите работни позиции, потребно е да ги достават следните документи:
-Доказ за државјанство;
-Лекарско уверение;
-Доказ дека не им е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност;
-уверение-диплома за завршен степен на образование;

Кандидатите за работната позиција под реден број 1 и 2 потребно е да ги достават и следните документи:
-Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
-Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски јазик);
-Доказ за работно искуство во струката;
-Кратка биографија и
-Писмо за мотивација.

Кандидатите за работната позиција под реден број 1 потребно е да достават и потврда за положен испит за административно управување.

Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.03.2025 година.
Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 (три) работни денови сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Судскиот совет на РСМ или по пошта на следната адреса:
**Судски совет на Република Северна Македонија**
**Ул.„Македонија“ бр.5, 1000 Скопје,**
**Архива на Судскиот совет**
**(со назнака „за оглас за вработување бр. 1/2025“).**
**Контакт број 02 3218 130**
Ненавремените и некомплетните пријави нема да бидат предмет на разгледување.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ**
**Претседател**
**м-р Александар Камбовски**

**Бр.04-172/1**
**23.01.2025 година**